ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 49 ДАТА 29.11.2021 ГОДИНА 39

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 49 ДАТА 29.11.2021 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНССКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА**

**Седница од 29.11.2021 година**

**Регистрација на фудбалери**

ФК „ОФК БИТОЛА„ Битола: Бошковски Б. Бобан од Фудбалскиот клуб „Стрела Спорт„ од с. Могила, по член 35/13.

КМФ „КОНЗУЛИ„ Битола: Крсевски А. Владимир, Солаковски С. Стевче, Груевски З. Тихомир, Сули Д. Бленди, Китанов Б. Игор и Јошевски А. Андреј, по член 35/1.

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Добре Иванов -претседавач, Расим Муминовиќ – зам.претседавач, Тони Донев – член, Мујдин Исмаили-член и Владо Крстевски- член постапувајќи по Барањето на ФК Њу Старс Скопје од Скопје бр. бр. 25-2323/1 од 12.10.2021 година, врз основа на член 114 став 1 алинеа 6 од Статутот на ФФМ а во врска со член 24 од Правилникот за внатрешна организација на ФФМ на седницата одржана на ден 26.11.2021 година ја донесе следната:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 25-2743/2
29.11 2021 год.

## ОДЛУКА

1. Се утврдува дека Барањето на ФК Њу Старс Скопје од Скопје бр. бр. 25-2323/1 од 12.10.2021 година за наплата на надокнада за тренирање-тренинг компензација за фудбалерот Бехар Фета ИД бр.119762 е основано.
2. Се задолжува ФК Воска Спорт Охрид да изврши уплата на тренинг компензација за фудбалерот Бехар Фета ИД бр.119762, во висина од 3250,00 евра во денарска противвредност согласно Одлуката за тренинг компензација бр. 02-624-3 од 08.07.2011 година, на жиро сметка на ФК Њу Старс Скопје бр. 250101000540556 во Шпаркасе банка.
3. Доказот за извршена уплата да се достави до Комисијата за статус на фудбалери најдоцна до 13.12.2021 година.
4. Непостапувањето по оваа одлука претставува дисциплински прекршок.
5. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за статус на фудблери на седницата одржана на 21.10.2021 година а во врска со Барањето на ФК Њу Старс од Скопје за наплата на надокнада за тренирање-тренинг компензација за фудбалерот Бехар Фета ИД бр.119762, го задолжи ФК Њу Старс од Скопје во рок од 3 дена од приемот да достави доказ за уплатена такса за поднесок како и да го дополни Барањето со неопходните податоци и докази неопходни за постапување на Комисијата, меѓу кои и исписница, пасош на фудбалерот со евиденција на направените трансфери , датум на објавата на регистрација за клубот барател и доказ, објавата на регистрацијата и професионалниот договор за новиот клуб и доказ, фудбалска сезона во која е склучен договорот, пресметка на износот кој се побарува со времетраење на периодот изразен во години, месеци, денови . Комисија даде насоки по доставување на доказот за уплатената такса , Барањето и дополнувањето на барањето да се достави до ФК Воска Спорт Охрид на произнесување.

На седницата од 26.11.2021 Комисијата утврди дека клубот во зададениот рок доставил доказ за уплатена такса и го дополнил барањето со пасош на фудбалерот, настапи на фудбалерот (од Комет системот), податоци за трансфер и копија од Макфудбал каде што се објавени трансферите и професионалниот договор. Клубот истотака доставил и пресметка на средства која што ја побарува од ФК Воска Спорт Охрид. Комисијата утврди дека Барањето и дополнително доставената документација, по електронска пошта е доставена до ФК Воска Спорт Охрид на ден 26.10.2021 година за произнесување но дека клубот во зададениот рок а ни до одржување на оваа седница не се произнел во врска со Барањето, не го оспорил , ниту доставил доказ дека ја извршил уплатата на тренинг компензацијата.

Комисијата по разгледување на Барањето и дополнително доставената документација утврди дека фудбалерот Бехар Фета ИД бр.119762 на седница на ОФС Скопје од 17.07.2018 година бил регистриран по член 35/3 од ПРСТФ на ФФМ за ФК Њу Старс Скопје (Макфудбал [illegible] ОФС Гази Баба одржана на 31.08.2019 година фудбалерот преминал

во друг клуб по член 35/10 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалсери (ПРСТФ) на ФФМ (Макфудбал бр.35/2019) година. На седница на ОФС Охрид на ден 02.08.2021 година по член 35/3 од ПРСТФ на ФФМ, Бехар Фета со ИД бр.119762 бил регистриран за ФК Воска Спорт Охрид (Макфдбал ВБ 22/2021). На седница на истиот ОФС од 31.08.2021 година објавено е склучување на професионален договор помеѓу фудбалерот Бехар Фета и ФК Воска Спорт Охрид со траење до Летен преоден рок 2024 година (Макфудбал 34/2021). Комисијата утврди дека Барателот за наплата на надокнада за тренирање-тренинг компензација за фудбалерот Бехар Фета ИД бр.119762 за периодот од 18.07.2018 до 29.08.2019 година( како во пасошот на фудбалерот) побарува вкупно 2000 евра.

Комисијата утврди дека со склучување на професионалниот договор помеѓу фудбалерот Бехар Фета и ФК Воска Спорт Охрид објавен во МФ 34/2021 исполнет е условот согласно Одлуката за тренинг компензација бр. 02-624-3 од 08.07.2011 година, барателот ФК Њу Старс Скопје да наплати надокнада за тренирање-тренинг компензација за фудбалерот Бехар Фета ИД бр.119762.

Имајќи ја во предвид Одлуката за тренинг компензација бр. 02-624-3 од 08.07.2011 година Комисијата утврди дека фудбалерот наполнил 15 години во натпреварувачката 2016/17 пред да се регистрира за ФК Њу Старс Скопје. Фудбалерот наполнил 16 години во натпреварувачката година 2017/18 кога фудбалерот се регистрирал за клубот (18.07.2018). Согласно наведеното на клубот за периодот на тренирање на фудбалерот од 18.07.2018 до 29.08.2019 година – 13 месеци и 11 дена , му следува надоместок за категорија II утврдена со т.7 од Одлуката за тренинг компензација бр. 02-624-3 од 08.07.2011 година (имајќи во предвид дека деновите помалку од 15 не се земаат во предвид при пресметка).

Согласно погоренаведеното имајќи ги во предвид одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ и надлежноста утврдена во Правилникот за внатрешна организација на ФФМ, Комисијата донесе одлука како во диспозтивот.

**Правна поука:**
Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12.000,00 денари за правно лице, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Претседавач,
Добре Иванов

доставено до:
- ФК Њу Старс Скопје
- ФК Воска Спорт Охрид
- макфудбал
- архива на ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 18-2721/2
25-11 2021

Врз основа на член 116од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-член постапувајки по пријавата на Комисијата за Футсал натпревари бр.18-2721/1 од 25.11.2021 година против **Амар Демиров** со **ИД 249794**, фудбалер на КМФ КАРДШЛК 2021 исклучен на натпреварот од 4 коло од Втората Футсал лига помеѓу КМФ КАРДШЛК 2021-КМФ МАЛ АЈАКС на ден 20.11.2021 година во рамки на Футсал натпреварувањето на РМ во ШТИП поради НЕСПОРТСКИ ОДНОС , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 25.11.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Против **Амар Демиров** со **ИД 249794**, фудбалер на КМФ КАРДШЛК 2021 исклучен од натпреварот одигран на ден 20.11.2021 година во рамки на Футсал натпреварувањето од Втората футсал лига на игралиште во Штип поради **НЕСПОРТСКИ ОДНОС**, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 25.11.2021 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за Футсал натпреварување бр.18-2721/1 од 25.11.2021 година против **Амар Демиров** со **ИД 249794**, фудбалер на КМФ КАРДШЛК 2021 исклучен од натпреварот одигран на ден 20.11.2021 година во рамки на Втората Футсал лига на Р.М на игралиште во Штип поради Неспортски однос,ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од фудбалерот ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 20.11.2021 година е одигран натпреварот во рамки на 4 коло од Втората футсал лига на Р.М помеѓу КМФ КАРДШЛК 2021-КМФ МАЛ АЈАКС одигран на игралиште во Штип.Во 39 минута од натпреварот на играчот со број 8 **Амар Демиров** со **ИД 249794**, фудбалер на КМФ КАРДШЛК 2021 му е доделен црвен картон за неспортско однесување во 39 мин. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**КМФ КАРДШЛК 2021**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 18-2720/2
25.11.2021

Врз основа на член 116од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-член постапувајки по пријавата на Комисијата за Футсал натпревари бр.18-2720/1 од 25.11.2021 година против **Дејвид Стојов** со **ИД 146839**, фудбалер на КМФ МАЛ АЈАЈС-ШТИП исклучен на натпреварот од 4 коло од Втората Футсал лига помеѓу КМФ КАРДШЛК 2021-КМФ МАЛ АЈАКС на ден 20.11.2021 година во рамки на Футсал натпреварувањето на РМ во ШТИП поради НЕСПОРТСКИ ОДНОС , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 25.11.2021 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Против **Дејвид Стојов** со **ИД 146839**, фудбалер на КМФ МАЛ АЈАКС-ШТИП исклучен од натпреварот одигран на ден 20.11.2021 година во рамки на Футсал натпреварувањето од Втората футсал лига на игралиште во Штип поради **НЕСПОРТСКИ ОДНОС, СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 25.11.2021 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

### О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за Футсал натпреварување бр.18-2720/1 од 25.11.2021 година против **Дејвид Стојов** со **ИД 146839**, фудбалер на КМФ МАЛ АЈАКС исклучен од натпреварот одигран на ден 20.11.2021 година во рамки на Втората Футсал лига на Р.М на игралиште во Штип поради Неспортски однос,ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од фудбалерот ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 20.11.2021 година е одигран натпреварот во рамки на 4 коло од Втората футсал лига на Р.М помеѓу КМФ КАРДШЛК 2021-КМФ МАЛ АЈАКС одигран на игралиште во Штип.Во 39 минута од натпреварот на играчот со број 69 **Дејвид Стојов** со **ИД 146839**, фудбалер на КМФ МАЛ АЈАКС му е доделен црвен картон за неспортско однесување во 39 мин. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**КМФ КАРДШЛК 2021**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**